# МОДЕМ

МОНИТОРИНГ НА ДЕМОКРАТИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА

Извештај од следењето на политичкиот плурализам во централните телевизиски вести

Период: 10 дена (13 – 17 и 20 – 24 февруари 2017)

## 1 Неизвесноста околу формирањето на новата влада беше тема која преовладуваше на сите телевизии, но со различен агол на известување. Провладините приватни телевизии интензивно известуваа и за проектите и остварувањата на власта, а независните телевизии, пак, фокусот го ставаа на критичко опсервирање на работата на институциите. Јавниот сервис повторно известува за проектите на владејачката партија, што укажува на политичко влијание врз неговата уредувачка политика.

✔ Телевизиите Сител, Алфа, ТВ Нова и Канал 5 продолжија засилено да известуваат за проектите и достигнувањата на функционерите од власта, а политичко-пропагандниот агол на информирање го задржаа и во изборот и обработката на многу други теми поврзани со актуелните случувања.




✔ Независните телевизии речиси воопшто не известуваа за проектите на власта, туку продолжија да ги отвораат темите што ги засегаат граѓаните и критички да ја опсервираат работата на јавните институции, што всушност е основна улога на професионалното новинарство кое го штити јавниот интерес.




✔ МТВ1 и МТВ2 повторно почнаа да информираат за проектите и остварувањата на власта. МТВ1 другите настани ги следеше со истото стерилно известување, без подлабоко навлегување во темите од јавен интерес и без критичка опсервација на институциите. МТВ2 се држеше до коректно и непристрасно следење на случувањата.




## 2 Во голем број прилози провладините телевизии применуваа демонизирачки рамки кон СДСМ, а фаворизирачки кон ВМРО-ДПМНЕ. Овој пат имаше и многу напади врз ДУИ, поради договорената коалиција со СДСМ.

### ФРЕКВЕНЦИЈА И НАЧИН НА ВРАМУВАЊЕ НА СДСМ ОД ЧЕТИРИТЕ ПРОВЛАДИНИ ТЕЛЕВИЗИИ




### ФРЕКВЕНЦИЈА И НАЧИН НА ВРАМУВАЊЕ НА ВМРО-ДПМНЕ ОД ЧЕТИРИТЕ ПРОВЛАДИНИ ТЕЛЕВИЗИИ




### ФРЕКВЕНЦИЈА И НАЧИН НА ВРАМУВАЊЕ НА ДУИ ОД ЧЕТИРИТЕ ПРОВЛАДИНИ ТЕЛЕВИЗИИ




За целиот Извештај на Институтот за комуникациски студии кликнете овде


Проектот е поддржан од амбасадата Британската амбасада во Република Македонија

British Embassy Skopje

Подготовката на оваа публикација беше овозможена со поддршка од Британска амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа публикација не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската амбасада

ИНСТИТУТ ЗА КОМУНИКАЦИСКИ СТУДИИ